UDK 133.4(091)
259.43

# THE IMPACT OF MAGICAL FIGURINES/DOLLS IN THE RELIGIOUS DISCOURSE FROM THE ANCIENT TIMES UNTIL THE NEW AGE – SUPERSTITIOUS PARTICULARISM OR SUPERSTITIOUS UNIVERSALISM

**Kovacheva Lidija**
Assistant Professor University of Euro Balkan – Skopje
kovachevalidija@gmail.com

## Abstract

There are various cave paintings, writings on a clay tablets, magical papyrus, ancient literature that can witness the presence of figurines and voodoo dolls in magical activities from the beginning of the humanity, in particular those found at archaeological sites that were made out of different materials: wax, wool, wood, clay, dough, or of bronze and lead later, sometimes with or without written magical symbols or names on them, sometimes as evil, angry demons with human faces, with eyes wide open and monstrous noses, with bodies broken in two, with heads and extremities turned backwards, sometimes burned, tied or drilled, found in boxes or chests buried under the ruins of old buildings, sanctuaries or sacred sites, in tombstones or thrown into deep holes, sunken under water, etc. In order to have an insight into the impact of magical figurines and voodoo dolls in the religious discourse from the ancient times until the New Age related to the superstitious particularism in the folk's beliefs about the evil they have caused, that transfers into superstitious universalism at a global level throughout the historical ages, the subject of this paper has two objects: To show the level of impact these figurines and voodoo dolls had among the masses throughout the history, having in mind the folk's beliefs about their magical powers only if used in specific time and place and set in a typical way on one hand. And on the other to show the possible rudiments when using magical dolls, also known in modern society as voodoo dolls, and the fear they cause among some of the people.

***Keywords*****:** *figurines, dolls, kolossoi, voodoo, evil magic*

# ИМПАКТОТ НА МАГИСКИТЕ ФИГУРИНИ И ВУДУ-КУКЛИ ВО РЕЛИГИОЗНИОТ ДИСКУРС ОД АНТИКАТА ДО НОВОВЕКОВИЕТО – СУЕВЕРЕН ПАРТИКУЛАРИЗАМ ИЛИ СУЕВЕРЕН УНИВЕРЗАЛИЗАМ

**Ковачева Лидија**
д-р по Класични науки, Универзитет „Евро Балкан" – Скопје
kovachevalidija@gmail.com

**Апстракт**

За присуството на фигурини и вуду-кукли во магиските дејства од почетоците на постоењето на човештвото сведочат бројни пештерски цртежи, натписи на глинени плочки, магиски папируси, античка литература, а особено откриените наоди на археолошките локалитети изработени од различни материјали: восок, волна, дрво, глина, тесто, подоцна олово и бронза, наместа без или со испишани магиски симболи и имиња, наместа како зли, лути демони со човечки ликови, со ширум отворени очи и монструозни носови, со тело искршено на пола, со извртени глави и екстремитети наназад, наместа спалувани, врзувани, продупчени, откриени во кутии или ковчежиња закопани во остатоци од стари градби, светилишта, гробници или пак фрлени во длабоки јами, потопени во вода итн. Со цел да се даде увид во импактот на магиските фигурини и вуду-кукли во религиозниот дискурс од антиката до нововековието за суверениот партикуларизам во народните верувања за злото кое го предизвикувале, кој низ историските епохи потем преминува до суеверен универзализам на глобално ниво, предметот на обработка на овој труд има двојна цел: Од една страна, да прикаже колкаво било влијанието на овие фигурини и вуду-кукли врз народната популација низ историските периоди, имајќи ги предвид народните верувања во нивната магиска моќ, само, доколку биле исползувани во точно определено време и место и поставени на типичен начин. А, од друга страна, да ги прикаже можните рудименти во употребата на магиските кукли, денес во модерното општество видоизменети и познати како вуду-кукли и стравот кај дел од народот кој го предизвикуваат**.**

***Клучни зборови:*** *фигурини, кукли, kolossoi, вуду, зла магија.*

## Вовед

Во магискиот свет, како вид магиско помагало кое се издвојува по својата значајност е магиската фигурина/кукла, чие присуство е посведочено во бројни материјални докази и пишани извори од најдалечното минато на човештвото. Без разлика на нејзината големина и форма, од страна на човекот восприемана е како незаштитена, безгласна, мала, привлечна и неодолива сила на која ретко кој може да и одолее. Бидејќи кај човекот ги поттикнува емоциите на милост, грижа и заштита, според Алварадо „понекогаш нѐ поттикнува и да ѝ се довериме" (Alvarado, 2014, стр. XV), па оттаму неизбежна е помислата дека таа, сама по себе поседува магија. Благодарение на емоционалната движечка сила која ја поседува врз човекот, фигурината/куклата во светот на магијата е поставена на пиедестал во однос на другите магиски помагала. Изработувана од најразлични видови материјали: дрво, олово, бронза, восок, глина, тесто, волна и др. и во комбинација со разни билки, симболи и натписи, органски материи, како и лични предмети, станала толку моќно магиско помагало, така што

во религиозниот дискурс на мноштвото култури и цивилизации била приспособувана и општо прифатена низ историските периоди до ниво на суеверен универзализам.

## 1. Генеалошки аспекти на магиските фигурини/кукли

Од генеалошки аспект, појавата на магиските фигурини се забележува во праисторијата. Покрај мноштвото откриени антропоморфни фигурини детектирани на територијата на речиси цела Југоисточна Европа (Наумов & Чаусидис, 2011, стр. 37), се издвојува сцената на фигура на човек маскиран како животно, со глава скриена зад маска со големи рогови и долга брада, тело покриено со кожа на која бил прикачен коњски опаш, позната под името „Вражач" откриена во пештерата Три Браќа кај Сен Жирон, на Француските Пиринеи (Luquet, 1930, стр. 96). Наспроти оваа фигура, имало нацртано вид на веранда, со што се претпоставува дека на тоа место се собирале луѓе и присуствувале или исползувале одредени магиско-обредни дејства (Luquet, 1930, стр. 96). Сцени на фигури со маски се откриени и во други палеолитски наоѓалишта во Франција, како во Абри Межу, Тик д`Одубер, Лурс (Џемс, 1961, стр. 46), додека во пештерата Марсолас се откриени сцени со чудовишни фигури на зли демони со човечки ликови, со ширум отворени очи и огромни доминантни носови (Melton, 2001, 2: 957). Иако постојат варијации во симболичките толкувања на овие фигурини, сепак поголемиот дел од археолозите се сложни во тоа дека праисториските луѓе при изработката користеле когнитивен пристап во дефинирањето на нивната намена и изглед и при стилизирањето се користеле со обележјата на човековото тело, особено нивната половост, гестикулативност и декорација (Наумов & Чаусидис, 2011, стр. 37-38). Поради тоа, впечатливиот нос симболички се идентификува со половиот орган, што упатува на неговата итифалична и оплодувачка функција, па оттаму се смета дека целта на употребата на овој тип фигури била да допринесе за зголемувањето на плодноста кај луѓето (Чаусидис, 2010, стр. 14).

Најчесто, чудовишноста се восприема во негативна конотација, па дури и во антрополошките анализи чудовиштата се прикажани како опасни и непријателски суштества. Но, ова поимање на чудовишноста е сосем спротивно од восприемањето во религиозниот дискурс во праисторијата, каде чудовишните фигури на зли демони со ширум отворени очи и огромни доминантни носови, како ритуални помагала при исползувањето на имитативната или миметичка магија по принцип „сличното произведува слично" (Џемс, 1961, стр. 45), упатуваат на нивната оплодувачка функција.

Континуитетот на присуството на магиските фигурини/кукли продолжува во древниот свет во Месопотамија. Во палатите на големите вавилонски политички и религиозни центри во Нинива, Ур, Нумрис, Ашур и др., откриени се бројни кутии направени од тули кои во себе содржеле чудовишни фигурини изработени од печена глина во форма на човечко-животински и животинско-животински хибриди. Откриени се и „празни" кутии, т.е. кутии без фигурини, кои во себе содржеле остатоци од коски, керамика, зрна и прашкаст материјал од распаднати органски материи (Parpola, 1993, 10: 10,263). Прилозите од чудовишните фигурини кои се закопувале под земја во себе содржеле кутија со една, две или седум фигурини. Кон крајот на I милениум пр. н.е. во Нинива и Ашур кутиите биле поставувани на влезовите на храмовите, во нововавилонскиот/новоасирискиот период во внатрешноста на собите на палатите, додека од VIII в. пр. н.е. до падот на нововавилонското/новоасириското кралство, кутиите биле поставувани на јавни места, палати, храмови, градски ѕидини, па дури и во приватни куќи.

Како во праисторијата, така поимањето на негативната конотација на чудовишноста изостанува и во религиозниот дискурс на древните народи во Месопотамија. Имено, во религиозниот симболизам чудовишноста често ја прикажува врската помеѓу луѓето и трансформациските сили и моќи од „другиот" свет. Оттаму, чудовиштата можат да бидат претставени како добронамерни, кои помагаат и се пријателски настроени и злонамерни, кои, поради нивниот отелотворен пристап кон силите од „другиот" свет, се прикажани како опасни непријатели. Според Фелдт, наместо во

чудовиштата да се гледаат страв и опасност, можеби фокусот треба да се стави на нивната фундаментална двозначност: тие можат да благословат, исто како што можат да фрлаат и клетва (Feldt, 2015, стр. 85). Присуството на фигурини во ритуалните текстови во Асирија и Вавилонија упатува дека тие имале повеќе директно-заштитна функција или функција на избегнување на злото и се сметале за корисни. Повеќето од нивните описи упатуваат на тоа дека тие ги благословувале луѓето и ги штителе од болести, смрт, зло, демони и др. (Feldt, 2015, стр. 83-84). Несомнено е дека улогата на чудовишните фигурини во магиско-ритуалните дејствија, како во време на палеолитот, така и кај Асирците и Вавилонците не била со негативна конотација и се употребувала исклучиво за позитивни цели.

Присуството на фигурини/кукли во магиски цели е потврдено и во Египет, каде што за прв пат е забележана нивната изработка од восок (Németh, 2018, стр. 147). Поради високиот потенцијал на горење и топење, флексибилност и леснотија при моделирање, можност да се надополнува со органски материјали: влакна од коса, нокти, капки крв, ткаенини и сл., способност да постигне извонредна прототипска миметичка сличност, како и фактот дека неверојатно наликува на човечко месо (Ballestriero, 2013, стр. 10-11), восокот станал еден од најчесто употребуваните материјали за изработка на магиски фигурини/кукли и бил користен за правење зли магии. Најчестата магиска формулаичност била: како што восочната фигурина се топи пред огнот, така и ликот кој на неа бил претставен треба да се стопи. Имено, во самото исползување на зла магија се правела восочна фигурина/кукла во облик на некоја не сакана личност и со помош на магиски обреди и точно изговарање на одредени магиски зборови над фигурината/куклата, ја терале душата на битието (божествено, човечко, животинско), по чиј урнек била направена, да прави добри или лоши работи или пак на некоја личност по чиј урнек била направена, на јаве да ѝ се случи некое зло, болест или смрт, верување кое опстојува и во релативно модерните времиња (Melton, 2001, 2: 958). Со цел магијата да има поголем ефект, на фигурината/куклата се прикачувале лични предмети на личноста на која и била наменета магијата, најчесто нокти, влакна, конци или дел од облека, по можност капки крв и др.

Присуството на магиските фигурини/кукли изработени од глина и восок во Египет, датираат од периодот на Старото Египетско Царство (Németh, 2018, стр. 147), на пр. откриени на гробиштата во Мемфис (Faraone, 1992, стр. 78–81), но, наместо за смилосување на божествата и молба за нивна заштита како кај Асирците и Вавилонците, целта кај Египќаните била да го слабнее или уништи непријателот. Приказ на сцена на фрлање во оган на фигурина/кукла со лик на непријателот, претставена со врзани раце, а со цел да се одбрани земјата од нивниот, т.е. непријателскиот напад, е даден на релјефот на Црвеното светилиште во Карнак, датиран во ерата на Хатшепсут (Pinch, 2006, стр. 58). Од колекцијата на 34 магиски кукли/фигурини пронајдени во Египет од страна на Фараон (Faraone, 1991, стр. 204), од кои повеќето биле направени од глина, бронза или олово, се издвојуваат шест фигурини/кукли направени од восок (Németh, 2018, стр. 147). Заради ефективно делување на магијата, судбината на фигурините/куклите во древната египетска традиција била дека тие на крајот од магиско-ритуалниот чин морале да бидат ритуално уништени (Németh, 2018, стр. 147). Сепак, откриени се зачувани примероци од истите. Како пример се издвојува восочна кукла/фигурина од Египет од непознато потекло, висока 10 см. Во папокот на восочната фигурина има вметнато малку влакна од човечка коса, најверојатно од главата на човекот кому му била наменета магијата, обликувана околу замотан папирус, мал по формат, на кој се претпоставува дека било испишано името на оној кому му била наменета магијата, т.е. жртвата, како и самата магија. Оваа восочна кукла/фигурина која се користела како магиски материјал *(ousia),* денес се чува во Британскиот музеј (Németh, 2018, стр. 151) (Faraone, 1991, 205. 31) (Pinch, 2006, стр. 91) (BM inv. no. 37918: Budge, 1922, стр. 51, No. 77). Во Египет се откриени и восочни кукли/фигурини прикажани во сексуален чин (Faraone, 1991, стр. 205), што можеби упатува на љубовна или еротска магија. Од сите досега откриени фигурини на територијата на Египет, како најстрашна се издвојува фигурината на која е претставена гола жена поставена во клекната положба, т.е. на колена, со врзани раце зад грб и

прободена со тринаесет игли во тилот, устата, очите, ушите, градите, стомакот и гениталиите. Фигурината била пронајдена во внатрешноста на теракотна ваза задно со оловна табличка на која имало испишано врзувачка магија *(katadesmos*). Нејзината големина изнесува 11см, обликувана е од глина и датирана од IV в. н.е. Оваа фигурина со исклучителна важност, денес се чува во Музејот Лувр во Париз (E 27145b) (Frankfurter, 2020, стр. 44-45).

Добронамерниот аспект на употребата на магиските фигурини/кукли во праисторијата и во древниот свет на Месопотамците бил напуштен кај Египќаните, со што започнува ерата на нивната употреба за зли цели, пракса која продолжува и понатаму низ историските периоди, сè до денешното модерно општество.

## 2. Импактот на магиските кукли во религиозниот дискурс од антиката до нововековието

Магиските кукли кои се употребувале на територијата на Стара Грција биле познати под терминот *kolossoi*. Се смета дека им претходеле на плочките за проклетство (*Tabellae Defixionum*), а се употребувале за т.н. „врзувачки магии", *katadêsomai, katadesmoi* од *katadeo* „да се врзува (со магија)" (Dickie, 2001, стр. 16). Во врзувачки магии спаѓале клетви поврзани со закон, ривалство, трговија, љубовни или еротски клетви. Согласно пишуваните извори и археолошките наоди, нивната употреба се забележува уште во раниот архајски период, а во голема мера се употребувале и за време на античкиот период (Faraone, 1991, CA 10: 165–205). Согласно материјалите од кои биле направени, зачувани се оние кои биле изработени од олово, бронза и глина, а оние кои биле изработени од восок, волна и тесто се посведочени во литературните извори. Првично биле сметани за „пластичен" медиум од земниот до подземниот свет. Посакуваното заболување, воздржување, спречување или оневозможување кое било наменето на жртвата, било постигнувано преку врзување или виткање и превиткување на куклата и нејзино бодење со игли. Додека, пак, обезглавувањето на куклата било со цел посакувана смрт на ликот на кого била наменета. Во магиските папируси се дадени описи на нивната употреба: преку спалување во оган на кукла изработена налик на личноста да ѝ нанесат некое зло и фрлање во огнот на нешто што неа ѝ припаѓало, на пр. исечени нокти или коса, парче облека и сл., со што сметале дека индиректно ја повредуваат таа личност (Luck, 2006, стр. 6).

Согласно археолошките откритија, *kolossoi* се пронајдени на територијата на Атина и на други места каде била застапена старогрчко-римската култура, а издаден е и каталог со 38 археолошки наоди на одделни кукли и куклени групи (Flint et add., 1999, стр. 71). Согласно овие наоди, за најраната магиска кукла откриена на територијата на Стара Грција се смета бронзената машка фигурина од Тегеа, датирана во VII в. пр. н.е., на која главата и стапалата целосно ѝ се извртени наопаку (Faraone, 1991, стр. 201). Како друг пример се издвојува глинена ваза во која е пронајдена глинена фигурина на жена поставена во положба како клечи на колена, со рацете врзани зад грб и тело прободено со игли и оловна плочка завиткана во ролна, со големина приближно 11см и со испишана љубовна магија (PGM IV.296-434, Paris), изработени најверојатно од страна на некој маѓепсник во IV или III в. пр. н.е. На еден од големите магиски папируси (PGM IV.297-408, Paris), даден е запис во кој маѓепсникот треба да обликува две кукли: со едната да се претстави себе, а со другата жената што ја посакува. Потем куклата што ја претставува жената треба да биде избодена со тринаесет игли на точно одредени места и на зајдисонце да се стави во близина на гроб на лице кое доживеало предвремена или насилна смрт. Според Лук (Luck, 2006, стр. 129), оваа љубовна магија нема никаква врска со љубовта, бидејќи низ целиот текст се забележува една нишка на суров, одмаздољубив и агресивен тон, па оттаму, оваа љубовна магија повеќе претставува алатка која се користела за да ја потчини и поседува жената, која според него, оправдано го одбила додворувачот, во случајов оној што ја нарачал оваа магија. Во целиот текст тој понатаму им се обраќа на божествата и демоните од подземниот свет, како и на душите на предвреме починатите покојници, жената насила да ја грабнат за коси, да не ѝ даваат да јаде и пие, сè додека не стане негова.

Злонамерниот аспект на употребата на магиски кукли којшто се забележува кај Старите Грци, продолжува и за време на Римскиот период, каде археолошките наоди го потврдуваат присуството на кукли изработени од најразлични материјали, а бројни антички извори спомнуваат палење кукли, нивно бодење со игли, потопување во вода или фрлање во јама. Во литературните извори Хоратиј говори за магискиот обред на некромантија исполнуван од страна на римските маѓеснички Канидија и Сагана, кои прикажани боси, со пуштени коси, бледи лица и црни фустани, ноќе, со нокти раскопале земја на гроб и раскинале црно јагне чија крв течела во гробната дупка, а со себе имале и две кукли, една поголема направена од волна, која требала да ја казни помалата направена од восок (Horace, *Satires*, I.8: 30–33). Кај Вергилиј е потврдено присуството на восочна кукла која вљубената Амарилија ја фрлила во оган со цел назад да и се врати љубениот (Vergil, *Eclogue,* 8.80–81). Кај Овидиј прикажана е сцена каде восочните магиски кукли биле прободувани со игли во црниот дроб и се претпоставува дека на крајот од магиското дејство биле фрлани во оган и изгорени (Ovidius, *Heroides,* 6.93–94). Хелиодор, кој најверојатно живеел во III или IV в. н.е. и кој од неопитагореец, го прифатил христијанството и станал епископ на Трика во Тесалија (Luck, 2006, стр. 277), во неговото дело „Етиопски приказни" го дал најдеталниот опис во римската литература на магиски кукли направени од тесто (Heliodorus, *Aethiopica*, 6.15). Имено, старица, која очигледно била вештерка, го оживува мртвото тело на својот син. Ископала ров и на среде го положила телото, а од двете страни на ровот запалила оган. Врз телото истурила либација од мед, млеко и вино, а потоа во огнот фрлила тесто направено во форма на човек и крунисано со венец од лавор и анасон, потоа: „таа зеде меч што лежеше меѓу штитовите на мртвите и однесувајќи се како да е во бакхско лудило, кажа многу молитви на Месечината со чудни неразбирливи зборови. Потоа си ја пресече раката и со ласорово гранче го посипуваше огнот со својата крв; и откако направи многу чудовишни и чудни работи, на крај се поклони на телото на својот мртов син и му кажа нешто на уво, го разбуди и со силата на нејзината магија го натера наеднаш да застане." (Heliodorus, *Aethiopica,* 6.14-15).

Согласно археолошките откритија од 1999 година, како едно од позначајните места во Рим се издвојува светилиштето на божицата Ана Перена и нејзините нимфи, за кое се смета дека било во функција од IV в. пр. н.е. до VI в. н.е. (Sánchez, 2015, стр. 195-196). Во светилиштето се пронајдени седум магиски кукли изработени од восок и затворени во оловни садови. Карактеристично за нив е тоа што куклите биле обликувани околу парче коска која можела да се види бидејќи куклите биле искршени (Németh, 2018, стр. 148). На самите коски има букви за кои се претпоставува дека со нив била испишана магијата, односно клетвата или пак името на лицето на која истата му била наменета. За разлика од египетските восочни магиски фигурини/кукли кои на крајот од магиското дејство морале да бидат изложени на уништување и спалување, во светилиштето на Ана Перена тие не биле фрлани и уништувани во оган, туку истите се ставале во магиски оловни садови и се фрлале и потопувале во вода (Németh, 2018, стр. 148). Во обата случаи целта била исполнување на клетвата. Како уникатен наод од ова светилиште се издвојува машка фигура обвиена со змија која го напаѓа во тој миг и сака да го проголта (Inv. no. 475550, Sánchez, 2015, стр. 194–202). Куклата околу чие тело била обвиена змијата, со 2 мали железни клинци забодени еден во главата, а друг во стапалата, била прицврстена на бронзена табличка на која била испишана клетва. Според Санчез (Sánchez, 2015, стр. 200), целта на претставата на машката кукла била да обезбеди целосна парализа на оној на кого му била наменета.

Континуитетот на употребата на магиските кукли за зли цели, од Стара Грција и Рим се проширува долж Средоземјето и продолжува за време на ранохристијанството (Varner, 2010, стр. 50), за што сведочат и текстови со клетви при користењето на магиски зли кукли, чија употреба потем долго време се поврзувала со вештерство. Документираните христијански магиски текстови кои вклучуваат зли магиски кукли, главно датираат од I до XII в., се сметаат за христијански магии и се поврзуваат со вештерство (Varner, 2010, стр. 32-33). Поради деталните коментари на голем број магиски текстови, за многу значајна се смета серијата „Нови документи" кои го илустрираат раното христијанство, издадена од Х. Р. Хорсли и др. (Luck, 2006, стр. 17). Ранохристијаните верувале дека

паганите при исползувањето на магиските дејства, претскажувањата и лекувањата, добивале помош од нивните богови. Но, паганските богови, според Кикхефер, од христијанска гледна точка „не биле вистински богови", нивната магија била „демонска магија", а оние христијани кои ги практикувале магиските дејства биле „обожаватели на демони" (Kieckhefer, 1990, стр. 10), па оттаму несомнено е и поврзувањето на магиските кукли со вештерството. Начинот, употребата и целта на овие зли магиски кукли за време на ранохристијанството биле исти како и во античкиот период (Ogden, 1999, стр. 3). Се користеле при исползување на „врзувачка" магија, налик на магиските ритуали во Египет, Стара Грција и Рим: рацете или нозете на куклата биле свиени и врзани зад грб и истите биле фиксирани со помош на клинци. Главата, стапалата или горниот дел на куклата биле свиткани наназад. Куклата била поставена и затворена во метален сад, а на неа било испишано името на жртвата. Остатоци од кукли се откриени во гробови, светилишта или потопени во некаква вода (Varner, 2010, стр. 41). Исто како и од античкиот период, повеќето од куклите во ранохристијанскиот период биле направени од восок, како материјал кој бил поевтин и подостапен за широката народна маса, бидејќи оние кои биле изработувани од олово и бронза биле многу поскапи и резервирани за корисниците од повисоките социјални слоеви.

### 3. Појава на вуду-кукли во религиозниот дискурс во нововековието

Со донесувањето на *Lex Cornelia de sicariis et veneficiis*, Закон кој пропишувал одредени казни за употреба на магии и магиски дејства кај Римјаните, донесен од страна на диктаторот Сула во 81 г. пр. н.е. (Dickie, 2001, стр. 139-140), маѓепсниците почнале да ја губат слободата во делувањата за магиските цели која ја уживале за време на античкиот период. Подоцна, во времето на ранохристијанството, од страна на Црквата бил донесен Закон за паганска дивинација и истиот бил формализиран во 358 година од страна на императорот Теодосиј и веќе во 407 година започнале да се изрекуваат казни на сите оние кои продолжиле да ги практикуваат магиите и паганските религии (Barton, 1994, стр. 64-65).

Борбата на Христијанската Црква против еретиците, маѓепсниците и паганската дивинација својата кулминација ја доживеала во средновековието. Со поделбата на христијанската црква во 1054 година на Западна или Римокатоличка и Источна или Православна црква, од страна на Западната или Римокатоличката Црква бил создаден црковен суд, инквизиција (*Inquisitio haereticae pravitatis*). Неофицијално, инквизицијата своите почетоци ги бележи во 1227 година преку изборот на соодветни свештеници и нивно преземање на должноста за иследување, судење и казнување на еретици и маѓепсници (Gorham, 1918, стр. 33-34). Подоцна, во 1265 година бил донесен нов Декрет од страна на папата Урбан IV, со кој Инквизицијата била прогласена за неприкосновен суд во сите Римокатолички земји (Gorham, 1918, стр. 33-34) и делувала сè до нејзиното формално укинување по налог на шпанската кралица Изабела II во 1834 година (Testas & Testas, 1982, стр. 126). Успешноста во функционирањето на инквизицијата над 600 години се должи на Црквата, која ги прогонувала и осудувала еретиците и маѓепсниците и државата, која ги казнувала и тоа најчесто со смрт, т.е. со горење на клада (Jones, 1988, стр. 5). Поради појавата на многуте римски закони со кои се забранувало секакво делување на магиите, христијанскиот црковен суд-инквизиција, како и „ловот на вештерки" како дел од инквизицијата каде од 1400 до крајот на 1700 година на териториите на Европа и Северна и Јужна Америка за вештерство биле обвинети и спалени на клада околу 50 000 лица од кои 80% биле жени (Schaus, 2006, стр. 840-841), присуството на магиски фигурини/кукли во периодот на средновековието на европската почва речиси и да го нема.

Појавата на т.н. вуду-кукли во Новиот свет се должи на трговијата со робови од африканскиот свет, каде повеќето Африканци кои биле заробени од различни племиња од Западна Африка, како робови биле донесени на територијата на Америка, во Њу Орлеанс, Луизијана, а тие, секако, со себе ги донеле вуду-религија, суеверието и магиските практики на кукли изработени од дрво. Според некои извештаи, населението на робови дошло во Њу Орлеанс преку Хаити, чие население, речиси

100%, ја обожувале вуду-религија. Во XVII век за време на трговијата со робови, Вуду-религија на африканските робови им обезбедувала основни емоционални и психолошки механизми за справување со нивните незамисливи страдања, па оттаму станала еден од основните начини и нивно тајно одбранбено оружје со кое се спротивставувале на угнетувањето од страна на нивните сопственици. Поради големиот број увезени робови црнци, гувернерот на Луизијана, кој бил убеден дека поради прекубројноста претставуваат закана за безбедноста на граѓаните и дека можат да поттикнат востание на робовите, во 1782 година го забранил увозот на африкански робови и се обидел да ја забрани практиката на вуду-магијата во Новиот свет (Alvarado, 2009, стр. 5-6).

Во времето на колонијализмот во Америка, бидејќи претставувала закана за христијанството, вуду-религија била демонизирана, нејзините свештеници и следбеници биле убивани, а светилишта уништувани и спалувани. Сепак таа успеала да преживее, во 2003 година Владата на Хаити ја прогласила за државна религија и четиристотини години подоцна претставува централен дел од духовниот живот за милиони луѓе кои денес живеат на Хаити, од кои многумина тврдат дека се католици или припадници на друга религија (Alvarado, 2009, стр. 8).

Главно магиско помагало во вуду-религија е вуду-куклата, која иако низ вековите се разликувала во изработката по материјали, конструкција, уметничка интерпретација и имала различни намени и цели, сепак доаѓа до стандардизација на нејзината изработка и употреба. Се забележува дуализам во употребата на вуду-куклата: од една страна е наменета за исцелување, љубов, плодност, среќа, моќ, просперитет, доминација и др., а од друга страна, за одмазда, правење зло некому, па дури и предизвикување смрт, т.е. тип на магиска кукла изработена во лик на непријател, т.е. на оној на кого сакаат да му наштетат. Откако ќе се изработи куклата, таа се боде со игли, се врзува, витка или крши на делови, со цел да се нанесе болка, страдање или смрт на ликот кој го претставува или тој лик да се натера на одредено дејство. Преку процес на зараза, според Ван Дук (Van Dyk, 2010, стр. 378), вуду-куклата која содржи нокти, влакна или парче облека од противник, може магиски да биде обдарена со натприродни моќи или пак да се поврзе со натприродното. На тој начин таа е „заразена" со „духот" или „душата" на противникот, па оттаму станува магиски поврзана со таа личност. Па така, со повреда на вуду-куклата, на пр., со бодење со игли, превиткување, кршење и сл., противникот може да биде повреден, па дури и усмртен.

Во литературата дури се дадени и упатства како се прави вуду кукла за секаква намена:

*„2 цврсти стапчиња (прачки)*

*Шпански мов*

*Ткаенина исечена на ленти од 2 инчи, долги 2 до 3 стапки (боја по ваш избор)*

*Предиво што ја надополнува или прави контраст на ткаенината*

*Јаже, коноп или восочен конец*

*2 копчиња за правење очи*

*Игла и конец во боја што одговара на ткаенина или контраст*

*Лепливо лепило*

*7 иглички со глави во следните бои: црвена, сина, зелена, виолетова, жолта,*

*црна, бела."* (Alvarado, 2009, 77)

Потоа следи упатство како се составува куклата: двете стапчиња се составуваат во форма на крст и се врзуваат со коноп; околу стапчињата се витка шпанскиот мов, но, тој мора да биде во едно големо парче и стапчињата да се завиткаат со еден потег; одозгора, врз мовта се виткаат лентите

ткаенина и се прицврстуваат со лепило, но, се остава простор на главата за коса, на краевите на рацете и на долниот дел од куклата; со игла и конец се шијат 2 црни монисти за очи и копче за уста; потоа куклата се облекува; ако куклата се прави во познат лик, во тој случај внатре во неа или на неа се прикачуваат лични предмети од таа личност, на пр. коса, парче облека, нокот и др.; на крај се прободува со седум игли во пределот на градите (Alvarado, 2009, стр. 78-83).

Ритуалот при правење вуду кукла се темели на 4 чекори: (а) прочистување, со кое се неутрализира или отстранува енергијата во куклата; (б) создавање, како креативен процес кој вклучува насочување на енергија, волја и имагинација; (в) осветување, како основа на церемонијална работа или ефективна магија, со кое се отстрануваат негативните вибрациони енергии на сите кои биле во допир со предметот, со постапката: се пали свеќа, бела по боја (белата е боја за чистота), се палат темјан и други растенија и куклата се поминува низ чадот. Постапката се повторува 7 пати и откако куклата ќе се освети, се витка во бела крпа, се става на олтар и не смее никој да ја допре и (г) крштевање, оној кој ја направил куклата, тој треба да ја крсти во име на својата цел и тоа всушност е првиот чекор да се разбуди или оживее куклата. Се пали бела свеќа и се повторуваат формулаични зборови од типот: „Те крштевам тебе, (следува името)" итн. На крајот врз куклата се посипува малку света вода или се помазува со свето масло и крштевката е завршена (Alvarado, 2009, стр. 111-116).

На крајот следува предупредување: да не се крсти куклата доколку не се употреби за било каква намена, согласно народните верувања, дека, оние кои тоа го сториле, до крајот на животот ќе ги прати лоша среќа (Alvarado, 2009, стр. 116).

## 4. Присуство на магиски фигурини/кукли на територијата на Македонија

Како можни примери на магиски фигурини на територијата на денешна Македонија се земаат археолошките артефакти од праисторијата, поточно од неолитот. Како достоен пример би можеле да се издвојат неолитските женски антропоморфни фигурини од Зелениково, поради можно соодветствување на нивната телесност и фрагментараност со вуду-куклите. Од вкупниот број откриени минијатурни фигурини, комплетно зачувани се 13 и повеќето од нив се прикажани во реална поза на стоење, без никакви знаци на движење. Главата им е моделирана со ретко присуство на очи и целосно отсуство на уста, додека пак косата е ретко присутна. На оние фигурини на кои се прикажани раце, тие секогаш се статични, кратки и зашилени. Нозете, на некои се занемарени, а на некои иако се реално претставени, недоволно широките стапала не дозволуваат стабилно стоење. Една од фигурите чии раце се свиени и ги допираат колковите, има шупливост во долниот дел што дава можност да се стави нешто внатре, додека, пак, друга чии раце се плоснати, ја отвора можноста за аплицирање или висење на некои додатоци во отворите. Повеќето од фигурите биле моделирани за нивна лесна кршливост, а големото количество откриени откршени делови: нозе т.е. бедра, глави, раце, а помалку торза, наведува на фактот дека ваквото фаргментирање било однапред внимателно промислено. Остатоците откриваат дека кршењето било многу лесно, одело по вертикална оска по цела должина на телото од стапалата до врвот, што упатува на мнение дека биле употребувани во одредени религиозни ритуали и церемонии. Дадени се повеќе теории кои сугерираат на целите за специфичната изработка на овие фигурини, меѓу кои предизвикување смрт, губење или промена на статусот на лицето на која била наменета (Наумов & Чаусидис, 2011, стр. 42-44).

При споредба на неолитските женски фигурини од Зелениково со магиските фигурини од античкиот период и вуду-куклите, се забележува дека им недостасуваат цртите на лицето. Тоа е од големо значење, бидејќи лицето се смета за клучен аспект на човечкиот идентитет, а празното лице дава можност за персонализација на куклата со додавање обличје, т.е. слика на личноста која што може да ја претставува. Доколку целта на нивната изработка е плодност, тогаш се подразбира дека лицето не било клучна грижа на создателот, туку фокусот бил ставен на органите за репродукција и исхрана. Друга важна карактеристика е недостаток на стапала. Можеби создателот ја направил за да

ја задржи моќта на фигурината да замине и да остане онаму каде што е оставена. Иако некои вуду-кукли пронајдени во Њу Орлеанс немаат стапала поради рудиментираната природа на нивната изработка од две стапчиња формирани во крст чиј дизајн не дозволува да има стапала, се издвојуваат и оние, проколнати вуду-кукли, на кои често им се отстрануваат стапалата или се создаваат без стапала, со цел лицето на кое е наменета куклата да остане неподвижно (Alvarado, 2009, стр. 18-19).

Како пример на неолитски предмет на кој е потенциран носот, а откриен на територијата на денешна Македонија, се издвојува фрагментот од керамичката статуета, пронајдена на локалитетот „Велушка Тумба", село Велушина, Битолско, висока 5см, со силно стилизирана човечка глава, со карактеристичен заоблен и долг нос испрчен кон напред (Чаусидис, 2010, стр. 17). Оваа фигура во голема мера соодветствува на онаа од пештерата Марсолас, со огромен доминантен нос, кој симболички се идентификува со половиот орган, што упатува на неговата итифалична и оплодувачка функција, па поради тоа не била со негативна конотација и се употребувала исклучиво за позитивни цели (Чаусидис, 2010, стр. 14).

Иако за присуството на магиски фигурини/кукли низ историските периоди на територијата на денешна Македонија може да се расправа само хипотетички, сепак во македонската народна традиција зачувана е употребата на кукли за религиозни цели. Денес, во македонскиот фолклор, зачуван е стариот народен обичај во Преспа за правење кукла за време на православниот празник Иванден, наречена Иванка. Куклата се изработува на традиционален начин: главата се прави на стомна; лицето е од страната на скршена рачка која го претставува носот и се бои со бела боја; очите се цртаат со јаглен или молив, а усните со црвило; за коса се користи домашна волна; телото се прави од ѓумче за вода, а за да биде стабилно се полни со вода во која се ставаат цветови. Иванка се облекува во народна носија: фустан, кошула и шамија, а наместа се кити и со накит. Празникот „Иванка" во Ресен се празнува на 7 јули (Иванден/Раѓање на св. Јован Крстител), како чин на иницијација на девојките во предпубертетска возраст (Стојанова & Луческа, 2016).

## Заклучок

Кога се говори за магиски фигурини и вуду-кукли, не може да се говори за суеверен партикуларизам. Широко распространетото присуство на магиските фигурини/кукли од праисторијата, па сѐ до нововековиeто и импактот кај дел од народите кој го имале поради стравот кој го предизвикувале, несомнено доведува до суеверен универзализам. Во модерното општество се познати под терминот „вуду-кукли" и иако следбениците на вуду-религија декларираат дека овие кукли се наменети да се користат на позитивни цели, денес под нив се подразбира кукла, изработена во лик на непријател, т.е. на оној кому се сака да му се наштети, со што се укажува на нивната деструктивна намена. Како што вели Алварадо (Alvarado, 2014, стр. 2), „Сликата на кукла прободена со игли е толку многу вкоренета во колективната психа на пошироката јавност, што самата помисла вуду-куклата да се користи поинаку, ѝ пркоси на секоја логика."

Сликите на грди вуду-кукли делуваат застрашувачки и денес, во модерното општество. Колку и да не сме суеверни, сепак многу малку нешта можат кај нас да предизвикаат толку многу голема паника, страв и параноја, како на пр. ако пред порти најдеме Вуду кукла со слика од нас или нашите најблиски, замотана со конци и влакна и избодена со игли. Дали ќе ни биде сеедно?

## БИБЛИОГРАФИЈА

Alvarado, D. (2014). *The Voodoo Doll Spellbook: A Compendium of Ancient & Contemporary Spells & Rituals*. San Francisco: Weiser Books.

Ballestriero, R. (2013). *The dead in wax: funeral ceroplastics in the European 17th-18th century tradition*. Houston.

Barton, T. (1994). *Ancient astrology*. London & New-York: Routlege.

Budge, E. A. W. (1922). *A Guide to the Fourth, Fifth and Sixth Egyptian Rooms, and the Coptic Room*. London: British Museum.

Dickie, M. W. (2012). *Magic and magicians in the Greco-Roman world*. Routledge.

Faraone, C. A. (1991). Binding and burying the forces of evil: The defensive use of 'voodoo dolls' in ancient Greece. *Classical Antiquity*, *10*(2), 165–220. doi:10.2307/25010949

Pounder, R. L. & Faraone, C. A. (1994). Talismans and Trojan horses: Guardian statues in ancient Greek myth and ritual. *The American Historical Review*, *99*(2), 530. doi:10.2307/2167311

Feldt, L. (2015). *Monstrous Figurines from Mesopotamia - textuality, spatiality, and materiality in rituals and incantations for the protection of houses in 1st millennium Aššur* (pp. 59–95). Materiality of Magic.

Frankfurter, D. (2020). Voodoo Doll": Implications and Offense of a Taxonomic Category. *Arethusa*, *53*(1), 43–58.

Gorham, C. T. (2022). *The medieval inquisition: A study in religious persecution (classic reprint) the medieval inquisition: A study in religious persecution (classic reprint)*. London, England: Forgotten Books.

Jones, R. (1988). *A Brief History of the Inquisition*. Georgia: Acworth.

Kieckhefer, R. (2021). *Magic in the middle ages* (3rd ed.). doi:10.1017/9781108859721

Luck, G. (2006). *Arcana Mundi, Magic and the Ocult in the Greek and Roman Worlds*. Baltimore: The Johns Hopkins University Press.

Luquet, G. H. (2021). *The art and religion of fossil man*. Hassell Street Press.

Melton, J. G. (2001). Encyclopedia of occultism and parapsychology. In *Metaphysics, Psychical Science, and Parapsychology. Farmington Hills: Gale Group*. Magic, Demonology, Superstitions, Spiritism, Mysticism.

Наумов, Г. & Чаусидис, Н. (2011). *Неолитски антропоморфни предмети во Република Македонија*. Скопје: Магор.

Németh, G. (2018). *Budapest: Hungarian Academy of Sciences and Museum of Fine Arts*.

Ogden, D. (1999). *Binding Spells: Curse Tablets and Voodoo Dolls in the Greek and Roman Worlds*. Philadelphia: University of Pennsylvania Press.

Parpola, S. (1993). *Letters from Assyrian and Babylonian Scholars. Helsinki: State Archives of Assiria*.

Pinch, G. (2006). *Magic in Ancient Egypt*. London: British Museum Press.

Sánchez, C. N. (2015). *Magical Poppets in the Western Roman Empire: a Case Study from the Fountain of Anna Perenna. Société Internationale d'Ethnologie et de Folklore*. 194–203.

Schaus, M. (2006). *Women and Gender in Medieval Europe*. New-York & London: Routlege.

Стојанова, М. & Луческа, Е. (2016). *Етнолошка изложба „Иванки"*. Галерија на спомен-куќата Татарчеви, Ресен.

Testas, G. & Testas, J. (1982). *Inkvizicija*. Zagreb: Kršcanska sadašnjost.

Van Dyk, P. J. (2010). Magic, myth and monotheism when reading Genesis 30:37-39. *Genesis*, *30*(2), 378–405.

Varner, G. R. (2010). *Magic, Witchcraft, Pagans & Christians, A study in the suppression of belief and the rise of Christianity*. United States, NC: Lulu Press, Inc. Raleigh.

Чаусидис, Н. (2010). *Носот како главно обележје на митските ликови (археолошки наоди и фолклорни традиции од Македонија).* Кулурен живот, 1(2) 8-21.

Џемс, Е. О. (1961). *Упоредна религија: Увод и историско проучавање религије.* Београд: Матица Српска.